*Акционерско друштво во државна сопственост*
*за вршење на дејноста давање услуги во*
*воздухопловната навигација*

М-НАВ

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e*
*veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 0103 - 91/1
23. 01. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Влада на Република Северна Македонија**
**Генерален секретаријат**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Министерство за финансии**

**Министерство за труд и социјална политика**

Предмет: Доставување на Коментари/забелешки на Нацрт на Закон за системот на плати во Јавниот сектор

Врска: Нацрт на Закон за системот на плати во Јавниот сектор, објавен на порталот ЕНЕР (ener.gov.mk)

**Почитувани,**

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД – Скопје (во понатамошниот текст „М-НАВ" А.Д. - Скопје) е трговско друштво кое не се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија туку од сопствени средства кои ги добива од Eurocontrol за давање на услуги во воздухопловната навигација и нивната намена е јасно дефинирана со ЕУ Регулативата 1794/2006 и истата директно се применува со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација, начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација („Службен весник на РСМ" бр.194 од 23.09.2019 година). Имено, со оваа одлука односно со ЕУ Регулативата средствата кои што ги добиваат Агенцијата за цивилно воздухопловство (регулатор) и „М-НАВ" А.Д. – Скопје (давател на услуги во воздухопловната навигација) се користат за да се обезбеди безбедност и сигурност во воздухопловството преку надградба на системите и вложување во кадарот кој работи во овие две правни лица што опфаќа плати и нивно стручно оспособување.

„М-НАВ" А.Д. – Скопје е директно засегнато со нацрт Законот за системот на плати во јавниот сектор и во таа насока ги даваме своите коментари/забелешки, и тоа:

**Генерална забелешка** на целиот текст на нацрт Законот за системот на плати во јавниот сектор е дека истиот треба да се однесува само за институциите буџетски корисници и единките корисници.

**Поединечни забелешки** на целиот текст на нацрт Законот за системот на плати во јавниот сектор се следните:

Да се измени членот 3 став (1) точка 1, на начин што точката на крајот од реченицата ќе се замени со запирка и ќе се додадат зборовите „освен трговските друштва во целосна државна сопственост што вршат услужни дејности поврзани со воздухопловен превоз".

Во членот 4 став (1) алинеја 7 по зборовите „трговските друштва" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен трговските друштва во целосна државна сопственост што вршат услужни дејности поврзани со воздухопловен превоз"...........

**Следствено на погоренаведениот начин на измена треба да се усогласи целиот текст во нацрт законот со иземање на трговските друштва во целосна државна сопственост што вршат услужни дејности поврзани со воздухопловен превоз.**

Воедно, напоменуваме дека согласно член 118 од Уставот на Република Северна Македонија меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон, а при подготовката на овој закон воопшто не биле земени предвид одредбите на меѓународните договори со кои Република Северна Македонија преземала обврски за примена на ЕУ Регулативата 1794/2006, која директно се применува со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за начинот на определување на висината на надоместокот за користење на услуги на воздухопловна навигација, начинот на наплатата и ослободување од плаќање на надоместокот како и висината и начинот на определување на делот од надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација („Службен весник на РСМ" бр.194 од 23.09.2019 година), ICAO меѓународните стандарди - ICAO Док.9659 и други меѓународни стандарди согласно кои се уредува обврската за обезбедување на стручен кадар и одржување на неговата компетентност како гаранција за безбедноста и сигурноста во воздухопловството, како и точно утврдената методологија на Eurocontrol за распределба на трошоците за дадените услуги.

Во контекст на ова во членот 3 став (1) и став (2) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), е уредено дека подзаконските прописи предвидени со овој закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислативата на ЕУ, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL како и ратификуваните меѓународни договори. Меѓународните

стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските прописи вршат само упатување, директно се сметаат за прифатени и се применуваат.

Во однос на проценката на влијанието на нацрт Законот за системот на плати во јавниот сектор дадена во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметаме дека ефектите што предлагачот очекува да бидат позитивни со донесувањето на овој закон, напротив ќе бидат негативни и тоа од следните причини:

- Фискални импликации - негативни

Значително намалување на средства во државните фондови на Република Северна Македонија од редовното подмирување на износот на месечните придонеси од бруто платите на вработените, особено што тоа се средства добиени од давањето на услуги во воздухопловството на авио компаниите и не се средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

- Социо-економски импликации – негативни

Намалување на конкурентноста на платите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје значи одлив на стручен и компетентен кадар што на краток и долг рок негативно ќе се одрази на одржување на безбедноста, квалитетот и ефикасноста на услугите на Друштвото.

Согласно се погоренаведено сметаме дека текстот на Нацрт Законот за системот на плати во јавниот сектор нема да ги донесе очекуваните позитивни влијанија и директно ќе влијае на извршувањето на основната функција на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, т.е. обезбедување на безбедно, сигурно, квалитетно, редовно и ефикасно давање на услуги на воздухопловна навигација.

Со почит,

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје
УПРАВЕН ОДБОР

Fahrudin Hamidi, претседател

_______________________

Владко Крстевски, член

_______________________

Migjen Salmani, член

_______________________